Согласно член 50 став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), член 11 точка 3 од Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија“ број 66/04, 89/08, 116/10, 51/11,88/15, 152/15 и 39/16), член 29 од Законот за за култура(„Сл. весник на РМ“ бр, 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ бр.62/05; 106/08; 161/08; 114/09; 130/09; 149/09; 50/10; 52/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/2015; 33/15; 72/15; 129/15, 27/16 и 82/18)

Градоначалникот на Општина Велес распишува:

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за избор на директор на Локалната установа**
**„Народен музеј“-Велес**

**1.** Кандидатите покрај општите услови предвидени со законот за работни односи

- е да државјанин на Република Македонија

-активно да го користи македонскиот јазик;

-да е полнолетен, при ова да ги исполнува и посебните:

-во моментот на изборањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрна за вршење на професија, дејност или должност;

-да има стекнатао најмалку 240 кредити според ЕКСТ или завршен VII/1 степен високо образование, согласно условi утврдени со Статутот на установата: Филозофски факултет-Историја на уметноста, Археологија, Историја, Факултет за ликовни уметности, Природно математички факултет –отсек Етнологија;

-да има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата, врз основа на склучени договори на дело;

-да има еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англиски јазик не постар од пет години.

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

**2.** Кандидатот со пријавата потребно е да ги достави следните документи:

-Заверен препис од диплома за завршено високо образование;

-Потврда за работено искуство;

-Уверение за државјанство;

-Кратка биографија -CV;

-Програма за развој на локалната установа.

**3.**Неделното работно време е 40 часови, со дневно работно време од понеделник до петок од 08:00 до 16:00 часот.

**4.** Основната нето плата за работното место изнесува 37.324 денари.

**5.**Јавниот оглас ќе трае 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето, не рачунајќи го денот на објавувањето.

**6.**Комисијата формирана од Управниот одбор на установата во рок од 5 (пет) дена по завршувањето на јавниот конкурс, ги разгледува документите.

**7**.Изборот се врши во рок од 15 дена по добивање на предлог од комисијата.

**8.**Ненавремената и некомплетната документација нема да биде разгледувана.

**9**. Пријавата со потребната документација во оригинал или заверена на нотар треба да се достави во запечатен плик до Управниот одбор на Локалната установа „Народен музеј “-Велес односно во просториите на установата на ул„8-ми Септември“ бр.22, 1400 Велес.

Број 08-4533/1
24.11.2020год
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски